Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), согласно член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид СОС, поднесена преку полномошник Драгана Велковска, против Министерството за транспорт и врски, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 16.01.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата изјавена од Граѓанската иницијатива Охрид СОС, поднесена преку полномошник Драгана Велковска, против Министерството за транспорт и врски, заведена во Агенцијата под бр.08-341 на 29.12.2022 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА**.

**2. СЕ НАЛОЖУВА** на Имателот на информации, да постапи по Барањето на Барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3.** Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Граѓанската иницијатива Охрид СОС, на 07.12.2022 година, поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за п транспорт и врски, со кое побарала да и се достави по е-маил следните информации:

" 1. Податоци за експропијација на земјиште во приватна сосптвеност по општини за изграбата на автопатот Кичево-Требеништа-Охрид

2. Согласно пресекот по општини, да се достави информација за исплатен надоместок.".

Имателот на информации, на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок поднел Жалба заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-341 од 29.12.2022 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-341 од 29.12.2022 година, ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**